# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

---

**ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА**

**ВАЛАНДОВО**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ПРИ ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ЗА 2021 ГОДИНА

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА РАБОТАТА НА ТППЕ ВАЛАНДОВО ВО 2021 ГОДИНА**

## 1. *ИНТЕРВЕНЦИИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ*

ТППЕ од Валандово во текот на 2021 година интервенираше на сите пријавени пожари и технички интервенции.

Потребните податоци од пријавените настанати локализирани пожари и интервенции за број на пожари, материјална штета и другите податоци за настанатите пожари прикажани се на крајот во табеларниот извештај за пожари на ТППЕ-Валандово за 2021 година.

## 2. *ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ*

ТППЕ во текот на 2021 година интервенираше на дваесет и осум (28) технички интервенции по доставено барање за истите и примени дојави за сообракајни и други несреки.

ТППЕ - Валандово во 2021 година интервенираШе на 4 сообраќајни несреќи од кој загинаа 3-лица И 5 се повредени.

ТППЕ - Валандово учествуваше во вадење на удавено лице од водите на река Вардар.

## 3. *ДРУГИ АКТИВНОСТИ*

Сечење и отстранување на паднати дрва од невремето што ја зафати нашата општина на регионалните и локалните патишта.

Перење на фестивалската сцена и главната улица во с.Чалакли.

Перење и дезинфекција на улиците во Валандово, Удово, Јосифово И Пирава.

Перење на патеките на полигонот за полагање.

Доставување на соопштение за заштита и превенција од пожари за време на летната туристичка сезона до Радио Валандово.

Активирање на локалното координативно-оперативно тело во периодот на летната сезона.

Формирање на мобилна екипа за гаснење на пожари од ЈП Македонски шуми подружница Саланџак - Валандово, која имаше редовно дежурство во ТППЕ со новонабавеното теренско возило, со вградена моторна пумпа за вода со резервоар за вода од 400 литри, од 01.07.2021 до 20.09.2021 од 10 до 18 часот од понеделник до петок.

Поради малиот број на вработени пожарникари, во текот на целата година по наредба на Командирот на ТППЕ, одобрена од Градоначалникот на Општина Валандово, секој вработен пожарникар беше во приправност на наредната смена, односно на повик за пожар или техничка интервенција, доколку имаше потреба.

## 4. *ОДРЖУВАЊЕ НА ПП- ВОЗИЛА И ПП- ОПРЕМА*

Согласно со Правилникот за начинот на вршење на работите, минималната техничка опрема и средства за ганење на пожари во ТППЕ, одржувањето на возилата и опремата се изведуваше со пропишаната динамика ( дневни, неделни и вонредни прегледи ).

Тековното одржување на пп-возила во 2021 г.се вршеше од страна на вработените, додека поголемите дефекти беа сервисирани од страна на овластен сервис, избран за сервисирање во постапка за јавна набавка.

Во 2021 година извршено е визуелно испитување на пп- опремата која е на располагање на ТППЕ Валандово, а извршено е и редовно сервисирање на пп-апарати со кои располага нашата ТППЕ.

Сервисирањето го изврши овластен сервис ,,Безбедност-Ком-Јуниор,, ДОЕЛ Кавадарци.

## 5. *СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ*

Стручното оспособување и усовршување на вработените пожарникари во ТППЕ Валандово се вршеше во согласност со вршеше во согласност со Годишната програма за настава и обука, а реализацијата на истата е следната:

| Ред.бр. | Наставна единица | Планирани часови | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| 1. | Ориписи за заштита од пожари | 14 | 14 |
| 2. | ПП - Превентива | 18 | 18 |
| 3. | ПП – Справи и опрема | 38 | 38 |
| 4. | ПП - Тактика | 32 | 32 |
| 5. | Практични вежби | 38 | 38 |
| 6. | Тактички вежби | 8 | 8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Улици, хидрантска мрежа и објекти | 14 | 14 |
| 8. | Прва помош | 10 | 10 |
| 9. | Вежби за физичко-кондициона подготвеност | 40 | 40 |
| | **Вкупно** | **212** | **212** |

ТППЕ - Валандово во 2021 година, покрај изведените практични вежби во кругот на ТППЕ, за време на обуката изведе и две РТЦ вежби ,,Извлекување на повредени лица од патничко моторно возило при сообраќајна несреќа, во кругот на ТППЕ.

## 6. *РАБОТИ ОКОЛУ ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ И ДВОРНАТА ПОВРШИНА*

Објектот во кој е сместена ТППЕ Валандово е добар и одржувањето на објектот се врши тековно.

Меѓутоа за рационално и функционално да би се искористиле расположивите капацитети, со мала интервенција и реконструкција на кровната конструкција од старата гаража би се добил корисен простор за магацин и теретана за вработените.

## 7. *ПРИХОДИ ОД ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ ОД ТППЕ*

- Нема

## 8. *СОРАБОТКА СО ОППС*

Соработката со Општинскиот Противпожарен Сојуз во 2021 немаше.

## 9. *СОРАБОТКА СО НАЈБЛИСКИТЕ ТППЕ*

Во текот на 2021 година соработка имавме со ТППЕ Гевгелија, Струмица ,Радовиш, Кавадарци, Неготино и Берово.

Во 2021 година Командирите на ТППЕ од овие општини одржавме три работни состаноци и тоа на 10.06. во Гевгелија, 13.09. во Струмица и на 01.12. во Радовиш.

## 10.*ПОТРЕБИ НА ТППЕ ВО НАРЕДНАТА ГОДИНА*

Според Законот за пожарникари минималниот број на професионални пожарникари во противпожарните единици од членот 5 ставови (3) и (4) од овој закон, во општините од 10.000 до 15.000 жители треба да изнесува 13 професионални пожарникари.

Во моментот ТППЕ има единаесет пожарникари И Командир И недостасува уштее ден пожарникар, а во 2022 година еден треба да замине во пензија.

Во 2021 година еден вработен кој нема сертификат за пожарникар беШе испратен на обука во центарот за обука на пожарникар-спасител во Велес и еден вработен се запиша за обука во 2022 година.

Во нашата противпожарна единица недостасува едно ново навално пп-возило, со што ќе го замениме старото навално пп-возило ТАМ 5500 кој е од 1967 година (*Општина Валандово такво пп-возило со донација има набавено од Велика Британија но поради состојбата со Ковид-19 неможе да се транспортира до Валандово)*, недостасува и едно теренско возило 4 x 4 (џип) со вградена пумпа и резервар за вода од 300-400 литри, за брзо и ефикасно гаснење на шумските пожари.

Во прилог е табеларен извештај со комплетни податоци за сите настанати пожари во текот на 2021 година.

## *11. ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА ТППЕ ВО 2021 год.*

Според бројот на вработени пожарникари и нивната стручна подготовка и пп-возила со кои располага ТППЕ Валандово (ТАМ-5500 стар 54 години, ФАП 13/14 стар 38 години, БРЕМАХ стар 10 години и ВОЛВО стар 23 години), сметаме дека во 2021 година успеавме да се справиме со сите предизвици, успеавме навреме да ги локализираме сите појавени пожари и успешно да одговориме на сите пријавени технички интервенции.

Работењето на ТППЕ Валандово во текот на 2021 година се одвиваше во согласност со Законот за пожарникарство и подзаконските прописи и можеме да кажеме успешно.

Низ целата изминатa година, работниците од ТППЕ Валандово покажаа совесно работење со грижлив однос кон справите И техниката со кој располага ПП-та единица.При секоја интервенција на единицата покажан е сериозен пристап и професионалност во извршувањето на задачите.

Подготвил
КОМАНДИР НА ТППЕ Валандово
Горан Дилберовски